# ЧЕКОРИ ДО РЕАЛИЗАЦИЈА

● Остварување на прв контакт непосредно, телефонски или преку социјални мрежи.

● Информативен разговор за начинот на соработка е процес, во кој Нашиот тим накратко ги претставува чекорите За соработка.

● Се договараме за прв бесплатен информативен разговор кој го реализираме во просториите на Wood Mark (за жителите на Македонија) или On Line (за странски државјани).

● Инфо состанок на кој клиентот ке не запознае подетално за неговите потреби, Нашиот тим дава предлози, евентуални нови решенија, видови на материјали или запознава со новитети и моментални трендови.
На овој состанок Клиентот добива и финансиска понуда за производите.

● Процес на земање мерки е чекор по прифаќање на нашата ценовна понуда. Нашиот тим детално го мери просторот во кој ке се монтира договорениот мебел-производ.

● Следи изработка на технички цртежи во кој се опфатени сите детали во соодветен технички програм за работа - AutoCAD/Корпус/...

● Презентација во просториите на Wood Mark или On Line каде што Нашиот проектански тим ја презентира предлог техничката документација, разговараме, објаснуваме, променуваме, се со цел Клиентот да добие јасна слика за за својот нов мебел и воедно да е сигурен дека ке го добие она што го замислил, уникатно и свое парче мебел.

● Корекција на техничката докунтација се прави доколку заедно утврдиме одредени промени на презентацијата.

● Изготвување на **<u>Договор</u>** за соработка во кој се содржани сите обврски и одговорности на двете страни нарачател и изведувач.
Документ **<u>Анекс 1</u>** во кој се содржани сите технички цртежи од мебелот со нивен детален опис како и видови на метеријали, оков, начин на обработка, спoеви, дата на достава и монтажа ... и
Документ **<u>Анекс 2</u>** – пресметка за производите.

● Верификација на Документите за соработка. Договорот може да биде заверен/потврден - електронски или потпишан лично.

СЛЕДИ :

● Изготвување на работен налог (целокупна техничка документација за производтсво)
Набавка на репроматеријали, оков, стакла, се што е потребно за истиот
Машински обработки како и фарбање
Склопување и припрема за монтажа
Контрола пред Пакување ...

● Непосредно пред пакување и  испорака на мебелот нашиот тим ве контактира за деталите за испорака (точно време) и предвидено времетраење на монтажа на мебелот.

● По завршувањето на монтажата на мебелот следи контрола на квалитет заедно со нарачателот на мебел, како би можеле да ја издадеме и завериме гаранцијата за изработка на мебел.